Прилог 1

**Листа на екстерни предмети и интерни предмети од државната матура соодветни за пријавување за запишување на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за кандидатите што полагале државна матура во учебните 2020/2021, 2021/2022 и 2022/2023**

1. За сите кандидати **задолжителен екстерен испит** е предметот: **македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература**.
2. **Изборен екстерен испит** за кандидатите **со:**
   - **гимназиско и средно стручно образование** се избира помеѓу: **математика или странски јазик** (англиски јазик, германски јазик, француски јазик и руски јазик)**;**
3. За **интерни испити** се бираат два предмети од:
   - ***Листа на наставни предмети за изборниот дел на државната матура во гимназиското образование*** – математика, странски јазик (англиски, француски, германски и руски), физика, хемија, биологија, историја, географија, класични јазици, ликовна уметност, музичка уметност, филозофија, социологија, информатика - информатика со информатичка технологија (2 + 2 часа), македонски јазик и литература (за учениците кои наставата ја следат на албански јазик или на турски јазик);

   ***Листа на наставни предмети за изборниот дел на државната матура во средно стручно образование*** – математика, странски јазик (англиски, француски, германски и руски), физика, хемија, биологија, бизнис, историја;

| **ФАКУЛТЕТ** | **СТУДИСКА ПРОГРАМА** | **ЕКСТЕРЕН ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ** | **ИНТЕРНИ ПРЕДМЕТИ** |
|---|---|---|---|
| **Медицински факултет** | Сите студиски програми | Математика или странски јазик. | **Гимназија:**<br>- биологија, хемија или физика.<br>-<br>**Средно стручно образование:**<br>- биологија, хемија или физика;<br>- еден предмет од листата на стручни предмети од здравствена струка (по стара или нова програма). |